


Програма за нега во преоден период

Информации за клиенти и договор

VICTORIA State Government | Health and Human Services

Во оваа книшка се дадени важни информации за Програмата за нега во преоден период (Transition Care Program – TCP) и се објаснува што може да очекувате кога ви се укажува нега.

Во неа се објаснуваат вашите права и обврски, и одговорностите на вашата служба за нега во преоден период.

Оваа книшка исто така претставува формален договор меѓу вас и вашиот давател на услуги за нега во преоден период во согласност со *Законот за нега на постари лица од 1997 година* (*Aged Care Act 1997*).

Вашиот случај го води _____

и може да се добие на _____

За да ја добиете оваа публикација во достапен формат, телефонирајте му на менаџерот на Програмата за нега во преоден период на Министерството за здравје и социјални служби на 03 9096 1313, користејќи National Relay Service на 13 36 77, ако е потребно.

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Мелбурн.

© Држава Викторија, Министерството за здравје и социјални служби, јануари 2018

Освен ако е наведено поинаку, сликите во оваа публикација прикажуваат само модели и илустративни поставки, и не мора да претставуваат вистински услуги, установи или корисници на услуги. Оваа публикација може да содржи слики на починати луѓе од аборицинско и со потекло од Островите во Теснецот Торес.

Достапно на Transition Care Program <https://www2.health.vic.gov.au/hospitals-and-health-services/patient-care/rehabilitation-complex-care/transition-care-program>

(17010012 насловна страница)

Содржина

Што е Програма за нега во преоден период (TCP)?....4

Каде ќе се укажува TCP? 4

Колку долго може да останам во програмата?....4

Што е раководител на случај? 4

Кои видови нега и услуги се достапни преку TCP? 5

Кои видови на услуги не се вклучени? 6

Приказната на еден клиент 6

Што ќе треба да платам?....6

Колку изнесува надоместокот? 7

Како се наплаќаат надоместоците? 7

Што ако мојата нега треба да се измени?....7

Што ќе се случи ако треба да се вратам во болница за време на TCP?....7

Кои се моите права и обврски? 8

Каков квалитет на услуги може да очекувам?....8

Кој ќе добива информации за мене? 9

Што е My Aged Care и како влијае на мене?....10

Што е планирање на негата однапред? 10

Што ако нешто ме загрижува или имам поплака? 11

Ако имате поплака....11

Ако имате коментар....12

Согласност за ставање на листа на чекање за TCP....13

Мојот договор за TCP....15

Што е Програма за нега во преоден период?

Програмата за нега во преоден период (TCP) обезбедува краткотрајна нега и услуги за постари лица (и понекогаш за помлади луѓе) откако ќе излезат од болница. Нудејќи терапија за одржување (од низок степен) и поддршка, TCP им овозможува на постарите луѓе да го продолжат заздравувањето надвор од болница додека не се организира соодветна долгорочна нега.

За да добиете TCP, Службата за процена на нега за постари лица треба да ви направи процена и да даде одобрување додека уште се во болница.

Каде ќе ми се укажува TCP?

TCP може да се укажува или во услови на нега во кревет (како што е старечки дом или болница) или во вашиот дом. Каде ќе ви се пружа нега ќе зависи од видот на нега што ви е потребна.

Колку долго може да останам во програмата?

TCP ќе започне кога ќе излезете од болница. Повеќето луѓе ќе останат во програмата четири до шест недели. Најдолго што можете да бидете во програмата е 12 недели, иако во исклучителни околности може да ви се одобри продолжување за следните шест недели. За тоа време раководителот на вашиот случај ќе соработува со вас за да ви организира соодветна долгорочна поддршка.

Што е раководител на случај?

Ќе ви биде доделен еден член од тимот на TCP, наречен раководител на случај (case manager), кој ќе ви помага вам (и на вашиот негувател или на семејството) од моментот кога ќе почнете со програмата, па сè додека завршите. Раководителот на вашиот случај ќе ви помогне да поставите цели за тоа што сакате да постигнете.

Раководителот на вашиот случај е дел од тимот на здравствени работници кои се грижат за вас.

Раководителот на вашиот случај:

- ќе ги спроведе првичната и натамошната процена на вашите потреби од нега
- ќе го координира и надгледува вашиот план за нега заедно со вас
- ќе одржува контакти со давателите на услуги за да ги известува за потребните промени во вашиот план за нега
- ќе се погрижи да имате можност да учествувате во донесувањето на одлуки што се однесуваат на вашата нега
- ќе обезбедува информации и ќе ве подучува
- ќе делува како застапник или поддржувач во ваше име, ако биде потребно
- ќе ви обезбедува емоционална поддршка ван и на вашиот негувател

- ќе изготви план за завршување на програмата заедно со вас, за да осигура дека поддршката и услугите што ви се потребни се веќе воспоставени кога ќе завршите со програмата.

Кои видови нега и услуги се достапни преку TCP?

Видот на нега што ќе ви биде укажана ќе зависи од тоа што ви е потребно и каде ќе ви се укажува TCP. На пример, видот на нега што ќе ви е потребен ако сте дома може да биде различен од тоа што ќе ви биде потребно ако сте во установа за нега со престој. TCP не е еден вид на рехабилитација. Услугите може да бидат:

- раководење на случај (case management)
- болничарска нега
- нега дома, како што се услуги на чистење
- помош со оброци
- помош со капење и туширање
- организирање на прегледи (вклучувајќи превоз)
- друштвени активности или рекреативна терапија
- основна терапија каква што се пружа во здруженото здравство
- здравствени работници како што е физиотерапевт
- помагала за контрола на инконтиненција
- опрема согласно препораките од физиотерапевтот или ерготерапевтот, како што е столче за туширање
- одмена на негувател дома

Најверојатно нема да ви бидат потребни сите овие услуги. Персоналот на болницата и на TCP ќе разговараат за она што го препорачуваат согласно целите на негата коишто вие (или вашиот претставник) сте ги утврдиле, и за тоа што може да се обезбеди со расположливите финансиски средства. Ќе бидете вклучени во изготвување на план за нега кој ќе ги наведе услугите што треба да ви се обезбедат. Раководителот на вашиот случај редовно ќе го разгледува овој план заедно со вас.

Целокупниот опсег на определени видови нега и услуги што можат да се обезбедат е наведен во националното упатство за TCP. Transition Care Program Guidelines 2015 <https://agedcare.health.gov.au/programs-services/flexible-care/transition-care-programme-guidelines>. Ако ви треба печатен примерок на упатството ве молиме побарајте го од вашиот раководител на случајот.

Кои видови на услуги не се вклучени?

Ако ви се потребни општи медицински услуги, како што се патолошки и радиолошки услуги или преглед кај вашиот матичен лекар, персоналот на TCP може да ви помогне околу прегледите. Трошоците за ваквите услуги не се покриени со TCP, меѓутоа трошоците за матичен лекар ќе бидат целосно покриени преку попустите од Планот за медицински повластици (Medical Benefits Schedule rebates) ако ви се укажува нега во услови на третман во кревет.
Кога е потребно амбулантно возило заради префрлување од установа за преодна нега во установа за постојан престој, дома или назад во болница, трошоците за амбулантно возило се одговорност на клиентот. За претплатниците за користење на амбулантно возило и пензионерите овие трошоци ќе бидат покриени, но лицата кои не се пензионери и не се претплатници ќе добијат фактура за трошоците за превоз.

Дополнително, трошоците за лекарства (рецепти) од аптека не се вклучени како дел од TCP и за нив ќе треба да платите посебно. Ако сте на ниво на социјална помош, известете го раководителот на вашиот случај.

Приказната на еден клиент

Даун беше во болница откако падна и го скрши рачниот зглоб. По три дена во болница таа доби две недели TCP во услови на третман во кревет. Даун има Паркинсонова болест, што веројатно придонела за нејзиното паѓање, и живее сама. Нејзиното искуство со TCP беше позитивно и соопшти дека не ѝ треба ништо друго.

Најнапред Даун сакаше да се врати во нејзиниот дом, но беше свесна дека би ѝ требала голема помош, бидејќи рачниот зглоб ѝ беше имобилизиран. Иако таа има три деца кои живеат приближно на половина час оддалеченост од нејзиниот дом, таа не сакаше да ги вознемирува, бидејќи ќе им беше тешко да ѝ ја обезбедат потребната нега.

Кога TCP заврши, таа едно време остана кај пријатели, со помош од приватни служби. Сега Даун е дома и персоналот на TCP организира опрема и поддршка што ѝ се потребни за да може да живее колку што е можно посамостојно и побезбедно.

Што ќе треба да платам?

TCP добива финансиски средства од владите на Викторија и на Австралија коишто ги покриваат повеќето од трошоците за програмата. Меѓутоа, вие исто така ќе треба да платите надоместок што се користи за трошоците за вашата нега.

TCP не е покриена со приватно здравствено осигурување

Корисниците од Министерството за воени ветерани (Department of Veterans' Affairs - DVA) не се изземени од плаќање надоместок, освен ако сте биле воен заробеник.

Колку изнесува надоместокот?

Највисокиот износ на надоместокот го утврдува Австралиската влада и се пресметува на следниот начин:

- клиенти на кои негата им се укажува дома - 17.5 проценти од сегашната старосна пензија за самци дневно
- клиенти во установи за престој – 85 проценти од сегашната старосна пензија за самци дневно

Ако не сте во можност да платите, ве молиме разговарајте за тоа со раководителот на вашиот случај. Ако се пријавувате за намалување на надоместокот може да треба да покажете доказ за вашиот приход и за финансиската ситуација.

Услугата нема да ви биде ускратена ако не сте во можност да платите поради финансиски тешкотии. Надоместоците може да се преразгледаат и за нив да се разговара со раководителот на вашиот случај во секое време.

Како се наплаќаат надоместоците?

Ќе ви бидат обезбедени информации за тоа како да ги платите надоместоците. Вообичаено е да добиете фактура откако ќе почнете со програмата.

Ако надоместоците не можете да ги платите навреме, ве молиме разговарајте за тоа со раководителот на вашиот случај.

Што ако треба да се промени мојата нега?

Очекувано е да ви се променат потребите од нега додека примате TCP. Како што вашето здравје треба да се менува, може да ви бидат потребни помалку или поинакви услуги. Ова редовно ќе се разгледува со раководителот на вашиот случај (или со тимот за нега).

Ако вашите потреби од нега и услуги значително се зголемат, раководителот на вашиот случај ќе разговара со вас дали TCP може да ја обезбеди негата што ви е потребна. Раководителот на вашиот случај исто така ќе разговара и со луѓето вклучени во вашата нега, за да оценат како TCP може најдобро да ви помогне. Тоа може да значи и промена од пружање TCP дома во пружање TCP во установа за нега со престој.

Ако TCP повеќе не може да ги задоволи вашите потреби од нега, TCP ќе заврши и раководителот на вашиот случај ќе соработува со вас за да изнајдете други аранжмани. Таквите аранжмани ќе се потврдат написмено.

Што ќе се случи ако треба да се вратам во болница за време на TCP?

Ако останувате во болница еден ден или преку ноќ, можете да се вратите на TCP кога ќе ве пуштат од болница.

Ако ви е потребен подолг престој во болница, вашата TCP ќе заврши.

Ако треба да се вратите на TCP, болницата ќе провери дали има слободно место и дали ви е потреба повторна проценка од Службата за проценка на нега за постари лица.

Кои се моите права и одговорности?

Кога ви се укажува TCP имате право:

- кон вас да се однесуваат како кон личност, со достоинство и почитување
- да добиете поддршка во процесот на донесување одлуки и да имате некој да зборува во ваше име доколку посакате
- да добивате информации за да ви помогнат да донесувате одлуки за вашата нега
- да учествувате во планирањето и донесувањето одлуки за вашата нега
- да зборувате слободно, и во доверба, со раководителот на вашиот случај за сите аспекти од вашите потреби од нега
- да добиете преведувач и услуги соодветни на вашата култура.

Вие исто така сте должни:

- активно да учествувате во постигнувањето на целите од вашиот план за нега
- да прифатите лична одговорност за сопствените постапки и избор, дури и под услов во нив да бидат вклучени елементи на ризик.
- да зборувате со раководителот на вашиот случај за вашите потреби од нега и за секакви можни потребни промени во вашиот план за нега
- да ги почитувате правата на луѓето кои се ангажирани да ви пружаат нега и да се однесувате кон нив исто толку достоинствено колку би сакале да биде односот кон вас
- на луѓето кои се ангажирани да работат во вашиот дом да им обезбедите безбедно и здраво место за да си ја вршат работата.

(Ќе се изврши проценка на вашиот дом за да се осигура дека е безбеден и дека препорачаната опрема е инсталирана согласно вашите потреби од нега. Ако има постојани проблеми со безбедноста, може да не биде можно да се пружа TCP во вашиот дом.)

Каков квалитет на услуга може да очекувам?

Имате право TCP да ви укажува нега со високи стандарди, согласно упатствата за квалитет дадени од државната и федералната влада.

Тоа ќе осигура дека:

- негата ја спроведува искусен и стручен персонал
- програмата се спроведува во безбедна средина, слична на домашната (кога TCP се спроведува во установа за престој).
- негата се обезбедува навремено, флексибилно и подготвено
- програмата редовно се преразгледува за да се потврди дека одговара на потребите на корисниците на услугите
- квалитетот е постојан стремеж на TCP, вклучувајќи и ислушување на повратни коментари, разгледување на секоја поплака и придржување кон Упатството за пружање TCP.

Кој ќе добива информации за мене?

Потребно е информациите поврзани со вашето здравје, потреби од нега и услуги да се споделат со вашиот матичен лекар, со други здравствени работници и со соодветните даватели на услуги, со цел да се одговори на потребите од вашиот план за нега.

Информации исто така бараат федералното Министерство за здравје и викториското Министерство за здравје и социјални служби заради финансирање и процена.

Кога вие или вашиот старател/администратор ќе дадете согласност за договорот за TCP, ја овластувате службата за вашата TCP вашите лични податоци и информациите за вашето здравје и негата што ви се укажува да ги доставува до овие луѓе и организации.

Вашите лични информации ќе бидат користени и обелоденувани согласно важечките законски одредби за приватност.

Вашите права се заштитени со:

- *Законот за нега на постари лица на Комонвелтот од 1997 година, Законот (преодни одредби) за нега на постари лица од 1997 година* и Принципите донесени според Законите
- *Викториската Повелба за човекови права и одговорности од 2006 година*
  Викторискиот закон за приватност и заштита на податоци од 2014 година
- *Викторискиот Закон за здравствена евиденција од 2001 година*
- *Законот на Комонвелтот за приватност од 1988 година*

Што е My Aged Care и како влијае на мене?

Додека сте вклучени во TCP, раководителот на вашиот случај можеби ќе разговара со вас за службите што можат да ви дадат поддршка на среден и долг рок. Со ваша согласност, упати може да им бидат пратени на тие служби, при што некои од упатите ќе треба да бидат пратени на My Aged Care.

My Aged Care е централна влезна точка во системот на услуги за нега на постари лица во Австралија, особено за услугите кои делумно или целосно ги финансира Австралиската влада. My Aged Care е дел од низата промени што Австралиската влада ги прави во системот на услуги за нега на постари лица, за да обезбеди луѓето да имаат пристап на информации и полесно да најдат и имаат пристап на услугите.

My Aged Care го сочинуваат центар за контакти (1800 200 422) и интернет страница. Работното време на центарот за контакти е од 8.00 наутро до 8.00 навечер од понеделник до петок, и од 10.00 наутро до 2.00 попладне во саботите; вработените во центарот за контакти можат да ви помогнат околу сите прашања што ги имате. Адресата на интернет страницата е http://www.myagedcare.gov.au. Раководителот на вашиот случај ќе биде вклучен во разговорите со вас за да обезбеди дека е можен добар план за нега во подготовките за вашето излегување од TCP.

Што е планирање на нега однапред?

Планирањето на нега однапред (Advance care planning) е процес на планирање на вашата здравствена и лична нега во иднина, при што ги соопштувате вашите вредности, верувања и желби, за да можат да бидат упатство при донесувањето клинички одлуки во иднина, ако вие не можете сами да ги донесете или да ги соопштите вашите одлуки.

Планирањето на нега однапред вклучува подготвување на план за здравствена и лична нега во иднина доколку ја загубите способноста на одлучување, со цел негата што ви се укажува да биде во согласност со тоа што го сакате.

Раководителот на вашиот случај може:

- Да разговара со вас за планирањето на нега однапред
- Да ви даде информации за планирањето на нега однапред
- Да ви помогне да истражите што ви е важно во животот
- Да ви помогне да разговарате со вашиот матичен лекар, семејството и пријателите за тоа што ви е важно во животот
- Да ви помогне да ги разберете чекорите во подготвувањето и правењето официјално упатство за нега во иднина (advance care directive).

Изразувајќи ги вашите желби во планот за нега во иднина, им овозможувате на тимот што ве лекува, на вашето семејство и на пријателите да донесуваат информирани одлуки ваше име, односно одлуки што ќе сте ги донеле вие, во време кога не можете тоа да го сторите самите.

Закон за планирање на медицински третман и одлуки од 2016

Од 12 март 2018 година, со Законот за планирање на медицински третман и одлуки од 2016 година е дадена рамка за донесувањето на одлуки за медицински третман. Тоа вклучува овозможување на луѓето да донесуваат одлуки однапред, преку налог за нега во иднина (advance care directive), за медицинскиот третман што го сакаат или не го сакаат во иднина, во случај веќе да не се способни да донесуваат такви одлуки.

Вие ќе можете да:

- Подготвите налог во поглед на вредностите, наведувајќи ги нештата и вредностите што ги претпочитате
- Подготвите налог со упатства, прифаќајќи или одбивајќи медицински третман
- Назначите лице кое ќе донесува одлуки во поглед на медицинскиот третман од ваше име, кога вие не ќе можете да го правите тоа.
- Назначите лице за поддршка, за да ви помогне во донесувањето на одлуки и да ги застапува вашите интереси.

* Документите за планирање на негата однапред направени пред 12 март 2018 година (Трајно полномошно – Медицинска потврда и одбивање на третман; Enduring Power of Attorney - Medical and Refusal of Treatment Certificate) и натаму ќе се признаваат во новата рамка.

За повеќе информации, посетете ја интернет страницата на Канцеларијата на јавниот застапник - The Office of the Public Advocate webpage <http://www.publicadvocate.vic.gov.au/power-of-attorney>.

Што ако има работи што ме загрижуваат или имам поплака?

Имате право да се жалите и да преземете чекори за разрешување на сè она што ве загрижува.

Ако имате поплака или нешто ве загрижува, имате право:

- да го покренете тоа прашање без страв од одмазда
- ситуацијата да биде разрешена во најкраток можен рок

сами да изберете застапник кој ќе поднесе жалба до повисоките раководни нивоа.

TCP работи на тоа да осигура дека сите поплаки и загрижувачки работи се разрешени брзо и доверливо. Ве поттикнуваме да разговарате за тие прашања со раководителот на вашиот случај.

Ако имате поплака:

Ќе ви бидат обезбедени информации за тоа како да ги разрешите работите што ве загрижуваат.

Кога е тоа можно, секогаш е најдобро за вашите поплаки прво да разговарате со раководителот на вашиот случај. Меѓутоа, може да одлучите дека вашите поплаки

треба да се упатат до раководителот на TCP. И во двата случаја вашите поплаки ќе бидат брзо разрешени.

Раководителот на TCP за вашата здравствена служба е:

Име:	
Телефон:	

Ако не можете да ги покренете работите што ве загрижуваат кај вашата служба за TCP или ако не сте задоволни од исходот на вашата поплака, може ќе сакате да го покренете проблемот кај застапникот на пациенти или кај службеникот за врски во вашата здравствена служба. Ако и потоа сè уште не сте задоволни со исходот, може да стапите во контакт со некоја надворешна организација за да се решат работите што ве загрижуваат.

Во Викторија, *Началникот за здравствени услуги* е задолжен за прием и разрешување на поплаките за давателите на здравствени услуги. Началникот е исто така задолжен за прием и разрешување на поплаки за TCP.

Канцеларија на Началникот за поплаки од здравствени услуги

Телефон: 1300 582 113

Бидејќи TCP е услуга за нега на постари лица, којашто е делумно финансирана од Комонвелтот, вие исто така имате право да пристапите до Шемата за поплаки за нега на постари лица (Aged Care Complaints Scheme) за сите работи што ве загрижуваат.

Шема за поплаки за нега на постари лица

Телефон: 1800 550 552

Ако ви се потребни информации, помош или некој да зборува во ваше име, можете да се јавите на Националната телефонска линија за застапништво при нега на постари лица (National Aged Care Advocacy Line). Ова е бесплатна и доверлива служба за луѓе кои добиваат услуги за нега на постари лица.

Национална телефонска линија за застапништво при нега на постари лица

Телефон: 1800 700 600 (бесплатни повици) или ако се јавувате од мобилен телефон

Застапување на правата на постари лица 03 6902 3066

Ако имате коментар:

На крајот на вашата програма ќе ви биде испратен образец за степенот на задоволство на клиентот. Овој образец ви дава можност да ни кажете за вашето искуство со TCP. Добредојдени се вашите предлози за тоа како можеме да ги подобриме услугите за вас и за идните клиенти.

Bradma

Согласност за ставање на листа за чекање за TCP

(a) Ја овластувам службата TCP да им ги даде моите лични податоци и информации за моето здравје и за негата што ја добивам преку TCP на австралиското Министерство за здравје и на викториското Министерство за здравје и социјални служби заради финансирање и процена.

(b) Го овластувам персоналот на TCP да разговара за моето здравје, нега и потребни услуги со мојот матичен лекар, со други здравствени професионални лица, со даватели на услуги и со следните дополнителни лица:

Наведете дополнителни лица:

(c) Разбирам дека ќе бидат направени сите разумни чекори за заштита на мојата приватност и доверливост во согласност со важечките закони за приватност кога ќе се разговара со мојот негувател или претставник, или кога ќе се добиваат информации од него во врска со мојата нега и со услугите што ми се потребни.


(d) Разбирам дека приемот во TCP од болница ќе биде веднаш штом ќе има слободно место и во рок од 28 дена од одобрувањето што ќе ми го даде Службата за процена на потребите од нега за постари лица (Aged Care Assessment Service). Ќе бидам известен/известена штом приемот може да биде потврден и свесен/свесна сум дека тоа може да биде известување во кус временски период. Ако не се појави слободно место во рок од 28 дена, разбирам дека Службата за процена на потребите од нега за постари лица може ќе треба повторно да ми изврши процена.

(e) Разбирам дека ќе добијам писмен план за нега и план за отпуштање во кои детално ќе бидат наведени услугите што треба да ми бидат дадени преку TCP.

(f) Разбирам дека ќе ми бидат наплатени трошоци и дека тие се наведени во „Мојот договор за TCP“.

(g) Разбирам дека TCP е програма со ограничено времетраење и дека нејзиното времетраење е одредено од целите што треба да се постигнат. Раководителот задолжен за мојот случај активно ќе ми помогне да имам пристап до расположливите долгорочни аранжмани за нега или услуги што се најсоодветни за моите потреби.

(h) Разбирам дека имам право да поднесам поплака, без страв од одмазда, во поглед на пружањето нега во преоден период, и дека тоа можам да го направам во разговор за тие прашања со службеникот задолжен за мојот случај или со менаџер во TCP во прва инстанција, или може да стапам во контакт со Канцеларијата на началникот за поплаки во врска со негата за постари лица (Aged Care Complaints Commissioner) или со Канцеларијата на началникот за поплаки во врска со здравствените услуги (Health Complaints Commissioner).



Потпис на корисникот на нега или на наименуван претставник:	
Сведок (ако потпишал наименуван претставник):	
Датум:	

Овој договор треба да го потпише корисникот на нега. Во некои околности наименуван претставник може да потпише од името на корисникот на нега. Ако не е практично да се добие писмена согласност, наименуваниот претставник може да потпише од името на корисникот на нега и овој налог мора да биде потпишан и од сведок. Ако е таков случајот, ве молиме пополнете го следново:

Зошто корисникот на нега не може да потпише?	
Име и презиме на лицето што потпишало:	
Врска со корисникот на нега од TCP (на пример, сопружник, одговорно лице):	
Име и презиме на сведокот:	

Копија за: [Соодветното означете го со 'X']

TCP клиент:		Досие на клиентот на здравствена служба:	

Bradma

Мојот договор за TCP

Копија за : [Соодветното означете го со ‘X’]

TCP клиент:		Досие на клиентот на здравствената служба:		Финансиско одделение на здравствената служба:	

1. Договор за Програма за нега во преоден период (TCP) меѓу:

Давател на услугата TCP:	
Корисник на негата:	

(i) Потврдувам дека ги прочитав или ми беа објаснети содржините на Информациите за корисниците на TCP и книшката за согласност, и се согласувам да добивам [Соодветното означете го со ‘X’]:

Базирана во кревет (Bed-based): ☐ **Базирана дома (Home-based):** ☐

и / или

TCP во:

Локација:

(j) Разбирам дека писмениот план за нега и планот за отпуштање претставуваат дел од овој договор и може да бидат изменети со текот на времето, со заемна согласност.


(k) Разбирам дека мојата согласност да бидам ставен на листа на чекање претставува дел од овој договор.

(l) Разбирам дека овој договор може да биде преразгледан во секое време и изменет со заемна согласност. За секоја промена ќе бидам писмено известен/а.

(m) Разбирам дека секоја од страните може да го раскине овој договор во секое време. Ако службата за TCP го раскине овој договор, ќе бидете писмено известени.

2. Наименување на лицето одговорно за плаќање на трошоците за TCP

За корисникот на нега:	<Име и презиме>
Јас, (одговорно лице):	<Име и презиме>



Разбирам и се согласувам дека:

(a) Јас сум лицето одговорно за плаќање на трошоците за Програмата за нега во преоден период за горенаведениот корисник на нега.

(b) Трошоците за TCP ги одреди Австралиската влада во износ (избришете го тој што не се применува):

- 17,5 проценти од основната старосна пензија за самци, за услуги базирани дома
- 85 проценти од основната старосна пензија за самци, за услуги базирани во кревет

(c) За нега ќе плаќам дневно:	$	За нега базирана дома неделно:	$
(d) За нега ќе плаќам дневно:	$	За нега базирана во кревет неделно:	$

во периодот во кој се даваат услуги од Програмата за нега во преоден период.

(e) Јас ќе ги платам трошоците за лекови направени за време на TCP базирана во кревет.

(f) Ова е цена за еден ден вклучувајќи ги викендите и деновите во кои можеби нема да бидат дадени услуги.

(g) **Фактури ќе добивам од**:

<Организација>

(h) Цените може да бидат преразгледани во секое време, ако биде побарано.

(i) Ве молиме имајте предвид дека Medicare, приватното здравствено осигурување или DVA не ги покриваат трошоците.

Bradma

Лични податоци на лицето одговорно за трошоците за TCP:

Име и презиме:	
Поштенска адреса:	
Телефонски број:	
Електронска пошта:	
Врска со корисникот на нега:	

Фактурата е пратена: [Соодветното означете го со 'X']

По пошта: **Имејл:**

Потпис на корисникот на нега или наименуваниот претставник:	
Сведок (ако потпишал наименуван претставник):	
Датум:	

Овој договор треба да го потпише корисникот на нега. Во некои околности, наименуван претставник може да потпише од името на корисникот на нега. Ако не е практично да се добие писмена согласност, наименуваниот претставник може да потпише од името на корисникот на нега и овој налог мора да биде потпишан и од сведок. Ако е таков случајот, ве молиме пополнете го следново:

Зошто корисникот на нега не може да потпише?	
Име и презиме на лицето кое потпишало:	
Врска со корисникот на нега од TCP (на пример, сопружник, одговорно лице):	
Име и презиме на сведокот:	

Bradma

3. Фармацевтски трошоци (се однесува само на корисници на TCP нега базирана во кревет)

Сите лекови препишани на рецепт и работи купени во аптека мора да ги плати корисникот на нега или лицето наименувано како одговорно за плаќање на тие трошоци. Ве молиме имајте предвид дека не може да се прават исклучоци, бидејќи снабдувачот е аптека во заедницата.

Лице одговорно за плаќање:

Јас (гореименуваниот) сум лицето одговорно за плаќање на сметката во аптека за (корисникот на нега) и разбирам и се согласувам дека:

(a) ќе биде добиена фактура за цената на лековите дадени на корисникот на нега додека е вклучен во Програмата за нега во преоден период базирана во кревет.

(b) лековите ќе бидат пресметани по продажна/PBS/ или цена според Заштитната мрежа (ако е применливо) и ќе бидат испорачани од:

<име на аптеката>

фактурата е пратена од аптеката со податоци за плаќање:

<адреса на аптеката>

Лични податоци на лицето одговорно за сметката од аптека:

Име и презиме:	
Поштенска адреса:	
Телефонски број:	
Имејл адреса:	
Врска со корисникот на нега:	

Фактурата е пратена: [Соодветното означете го со 'X']

По пошта: **Имејл:**

Копија за: [Соодветното означете го со 'X']

TCP клиент: Досие на клиентот на здравствената служба: Финансиско одделение на здравствената служба: